**ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Град Скопје**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за финансиски прашања**

**Сектор за сообраќај**

**ПРЕТСТАВНИК:** **Секретар на Град Скопје**

**ПОВЕРЕНИК:** **Раководител на Сектор за финансиски прашања**

**Раководител на Сектор за сообраќај по овластување на Градоначалник**

# ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА

## за домашно долгорочно задолжување на Град Скопје за набавка на еко автобуси

Скопје, август 2023

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 11 став 5 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), а во врска со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Град Скопје на ______________ седница, одржана на __________________ 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за домашно долгорочно задолжување на Град Скопје за набавка на еко автобуси**

Член 1

Град Скопје се задолжува кај домашна банка со долгорочен заем во износ од 620.000.000,00 денари, наменет за набавка на еко автобуси.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од оваа одлука се утврдуваат со Договор за заем кој ќе се склучи меѓу Град Скопје и домашна банка.

Во име на Град Скопје, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише Градоначалникот на Град Скопје.

Член 3

Град Скопје, заемот од член 1 од оваа одлука ќе го отплаќа од Буџетот на Град Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _________________
______ 2023 година

С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Правен основ за донесување на Одлуката е член 11 став 5 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), а во врска со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22).

Со цел дополнително да се поттикне визијата за модерно Скопје, овозможувајќи лесно достапен и современ јавен превоз, притоа водејќи грижа за квалитетот на живеење и животната средина, наша обврска и приоритет во работењето е да инвестираме во еко автобуси со цел поефикасно извршување на јавниот превоз. Со донесување на оваа одлука ќе се овозможи Град Скопје преку домашно долгорочно задолжување да изврши набавка на еко автобуси.

Крајна цел на проектот е да се обезбеди нов градски превоз во главниот град, преку ефикасна и економска транспортна мрежа. Воведувањето на еколошки автобуси ќе го намали загадувањето на воздухот и ќе обезбеди брз, безбеден и квалитетен превоз, кој ќе го подобри квалитетот на животот на граѓаните.

Воедно ќе ги поддржи напорите на градот во справување со предизвиците на јавниот превоз на поефикасен и структуиран начин, преку подготовка и имплементација на одржлив урбан план на мобилност, кој ќе води кон подобрување на јавниот транспорт и ќе го направи поатрактивен, се со цел да се намали користењето на приватните автомобили.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлуката.